Врз основа на членовите 33, 42, 43 и 44 став (3) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/12, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 220/19), а во врска со член 3 од Мултилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за привремена администрација на Косово за основање на Европска заедничка воздухопловна област ратификувана со Законот за ратификација на Мултилатералната спогодба („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/07, 98/09 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 259/19), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ЛЕТАЧКИ ОПЕРАЦИИ СО ЕДРИЛИЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот, правилата и посебните услови за вршење на летачки операции со едрилици.

Член 2

(1) Суштинските правила за вршење на летачки операции со едрилици се дадени во Регулативата (ЕУ) Бр. 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот од 4 јули 2018 година, за заеднички правила во областа на цивилно воздухопловство и за основање на Агенција на Европската унија за безбедност на воздухопловството и за изменување и дополнување на Регулативите (ЕЗ) бр. 2111/2005, (ЕЗ) бр. 1008/2008, (ЕУ) бр. 996/2010, (ЕУ) бр. 376/2014 и Директивите 2014/30/ЕУ и 2014/53/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот и за укинување на Регулативите (ЕЗ) бр. 552/2004 и (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот и Регулатива (ЕЕЗ) бр. 3922/91 на Советот (во понатамошниот текст: ЕУ Регулатива 2018/1139) која е дадена во Прилог на Правилникот за заедничките основни правила за дејностите во цивилното воздухопловство.

(2) Начинот, правилата и посебните услови за вршење на летачки операции со едрилици наведени во точките (б)(i) и (ii) на член 2 став (1) од ЕУ Регулативата 2018/1139, се утврдени во Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 2018/1976 на Комисијата, од 14 декември 2018 за утврдување на детални правила на летање со едрилици согласно Регулативата (ЕУ) бр. 2018/1139, на Европскиот парламент и на Советот (во понатамошниот текст: ЕУ Регулатива 2018/1976) дадена во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

(3) По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член, начинот, правилата и посебните услови за вршење на летачки операции со едрилици наведени во Анекс I на ЕУ Регулативата 2018/1139 (во понатамошен текст: Анекс I едрилици) се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

При спроведувањето на ЕУ Регулативата 2018/1976 дадена во Прилог 1 на овој правилник како препорачана практика се користат решенијата пропишани во Одлуката 2019/001/R на извршниот директор на EASA од 28 јануари 2019 година која ги содржи Прифатливите начини на усогласување (Acceptable Means of Compliance - AMC) и Упатствата за примена (Guidance Material) за член 3 и за Анекс 2 Part SAO на ЕУ Регулативата 2018/1976, вклучувајќи ги и сите нејзини измени и дополнувања кои се објавени на интернет страната на EASA, кои се прифаќаат и директно се применуваат.

Член 4

(1) При спроведување на одредбите на овој правилник одделни изрази го имаат следното значење:

- EASA (European Union Aviation Safety Agency) е Агенција за безбедност во воздухопловството на Европската унија;

- Национална воздухопловна власт, надлежен орган, надлежен орган на земјите членки се толкуваат, ако е применливо, како Агенција за цивилно воздухопловство.

(2) Поимите "Заедница (Community)", "Право на заедницата (Community Right)", "Договор за воспоставување на Европската заедница (Treaty establishing the European Community)", "Службен весник на Европската унија (Official Journal of the European Union)", "земја–членка (Member State)" употребени во ЕУ Регулативите 2018/1139 и 2018/1976 се читаат согласно точките 2 и 3 од Анексот II на Мултилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за привремена администрација на Косово за основање на Европската заедничка воздухопловна област ратификувана со Законот за ратификација на Мултилатералната спогодба (“Службен весник на Република Македонија” бр. 27/07, 98/09 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 259/19).

(3) Другите поими при спроведување на овој правилник ќе го имаат значењето утврдено во ЕУ Регулативите 2018/1139 и 2018/1976, доколку поинаку не е пропишано во ставовите (1) и (2) на овој член.

Член 5

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и правилата на летање со едрилици („Службен весник на Република Македонија“ бр. 162/12).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2021.

Бр. **Директор на**

-------- 2020 година **Агенција за цивилно воздухопловство**

Скопје **Томислав Тунтев**

РЕГУЛАТИВА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (ЕУ) Бр. 2018/1976 на КОМИСИЈАТА

од 14 декември 2018 година,

за утврдување на детални правила за операции со едрилици согласно Регулатива (ЕУ) бр. 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирањето на Европската унија,

имајќи ја предвид Регулатива (ЕУ) бр. 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот, од 4 јули 2018 година, за заеднички правила во областа на цивилното воздухопловство и за основање на Агенцијата на Европската унија за безбедноста на цивилното воздухопловство, а за изменување и дополнување на Регулативите (ЕЗ) бр. 2111/2005, (ЕЗ) бр. 1008/2008, (ЕУ) бр. 996/2010, (ЕУ) бр. 376/2014 и Директивите 2014/30/ЕУ и 2014/53/ЕУ на Европскиот парламент на Советот и за укинување на Регулативите (ЕЗ) бр.552/2004 и (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент на Советот и Регулатива (ЕЕЗ) бр. 3922/91 ([1]), а особено член 31 од истата,

со оглед на тоа што:

[1]() Сл. весник L 212, 22.8.2018 год., стр. 1.

(1) Комисијата треба да ги усвои потребните правила за спроведување со цел утврдување на условите за безбедно летање на едрилиците согласно Регулатива (ЕУ) бр. 2018/1139, ако тие воздухоплови ги исполнуваат условите утврдени во точките (б)(i) и (ii) од член 2(1) од таа регулатива.

(2) Со оглед на специфичната природа на операциите со едрилици, постои потреба од специјално наменети оперативни правила, утврдени во засебна регулатива. Овие правила треба да се темелат врз општите правила за операции на летање утврдени во Регулатива (ЕУ) бр. 965/2012 на Комисијата ([2]), но истите треба да се изменат и поедностават така што да се обезбеди дека тие ќе бидат сразмерни со, и засновани врз, приодот заснован на ризици, истовремено обезбедувајќи дека операциите со едрилиците безбедно се вршат.

(3) Што се однесува на надзорот на лицата и организациите, условите кои што се утврдени во член 4 од Регулатива (ЕУ) бр. 965/2012 и Анекс II кон таа регулатива, треба и понатака да се применуваат во поглед на операциите во воздух со едрилици.

(4) Во интерес на безбедноста и со цел да се обезбеди придржување кон битните услови утврдени во Анекс V кон Регулатива (ЕУ) бр. 2018/1139, сите оператори со едрилици кои се опфатени со оваа регулатива, со исклучок на проектните организации и организациите за производство кои вршат одредени операции, треба да подлежат на збир на основни услови.

(5) Имајќи ја предвид помалку сложената природа и помалиот обем на комерцијални операции со едрилици, во споредба со другите форми на комерцијалното воздухопловство, а следејќи го приодот заснован врз ризици, за комерцијалните операциите со едрилици исправно е да се бара само претходна изјава од надлежниот орган, како што е утврдено во член

[2]() Регулатива (ЕЗ) бр. 965/2012 на Комисијата од 5 октомври 2012 година, за утврдување на техничките услови и административни постапки кои се однесуваат на операциите во воздух согласно Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот (Сл. весник L бр. 296, 25.10.2012 година, стр. 1).

30(1) точка (а) од Регулатива (ЕУ) бр. 2018/1139. Со оваа регулатива се утврдуваат деталните правила за изготвување на ваквите изјави.

(6) Земајќи ја предвид специфичната природа на одредени операции, а следејќи го приодот заснован врз ризици, одредени операции со едрилици е соодветно да се изземат од условот за претходна изјава.

(7) Со цел да се обезбеди непречен премин и да им се даде доволно време на сите односни страни да се подготват за примената на тој нов систем, оваа регулатива треба да се применува шест месеци по влегувањето во сила.

(8) Агенцијата на Европската унија за безбедност на воздухопловството изготви нацрт правила за спроведување и истите, и како свое мислење ([3]), ги достави до Комисијата согласно член 75(2) точки (б) и (в) и член 76(1) од Регулатива (ЕУ) бр. 2018/1139.

(9) Мерките кои се предвидуваат во оваа регулатива се во согласност со мислењето на Комитетот основан согласно член 127 од Регулатива (ЕУ) бр. 2018/1139.

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА РЕГУЛАТИВА:

Член 1

Предмет и опсег

Со оваа регулатива се утврдуваат детални правила за операции на летање со едрилици, ако тие воздухоплови ги исполнуваат условите утврдени во член 2(1) точки (б)(i) и (ii) од Регулатива (ЕУ) бр. 2018/1139.

[3]() Мислење бр. 07/2017 на Европската агенцијата за безбедност на воздухопловството, од 23 август 2017 година, за нацрт регулатива на Комисијата за ревизијата на оперативните правила за едрилици.

Член 3

Дефиниции

За потребите на ова регулатива се применуваат дефинициите утврдени во Анекс I како и следните дефиниции:

(1) „едрилица (*sailplane*)“ значи воздухоплов кој е потежок од воздухот и кој лета (се одржува во воздух) заради динамичката реакција на воздухот врз неговите фиксни површини за подигање, и чиј слободен лет не зависи од мотор;

(2) „мотор (*engine*)“ значи уред кој се користи или се планира да се користи за погон на моторна едрилица;

(3) „моторна едрилица (*powered sailplane*)“ значи едрилица која е опремена со еден или повеќе мотори, која, кога моторот(моторите) не работи(работат), има карактеристики на едрилица;

(4) „комерцијална операција (*commercial operation*)“ значи секоја операција на едрилица, која се врши за надоместок или друг паричен надоместок, која е достапна за јавноста, или, кога не е достапна за јавноста, се врши врз основа на договор помеѓу оператор и купувач, при што купувачот нема никаква контрола врз операторот;

(5) „лет за натпреварување (*competition flight*)“ значи секоја операција во воздух со едрилица која се врши за потребите за учество во трки и натпревари во воздух, вклучувајќи го и вежбањето за таа операција и летањето до/од трките или натпреварите во воздух;

(6) „воздухопловна приредба (*flying display*)“ значи секој операција со едрилица, за потребите на обезбедување на изложба или забава на рекламиран настан, отворен за јавноста, вклучувајќи го и вежбањето за таа операција и летањето до и од рекламираниот настан;

(7) „воведен лет (*introductory flight*)“ значи секоја операција на едрилица, која се врши за надоместок или друг паричен надоместок, а се состои од воздушна обиколка со кратко времетраење за потребите за привлекување на нови пилоти или членови, која ја врши или организација за обука наведено во член 10а на Регулатива (ЕУ) бр. 1178/2011 на Комисијата ([4]) или организација која е основана со цел промовирање на спортот со летање или рекреативно летање;

(8) „акробатски лет (*aerobatic flight*)“ значи намерно изведен маневар, кој опфаќа нагла промена на положбата на едрилицата, невообичаена положба или невообичаено забрзување, кој не е потребен за вообичаен лет ниту за обука за дозволи, уверенија или овластувања, кои не се овластување за акробатско летање;

(9) „главно деловно седиште (*principal place of business*)“ значи седиштето или регистрираната канцеларија на оператор на едрилици, во кое се вршат главните финансиски активности и оперативната контрола на активностите наведени во оваа регулатива.

(10) „спогодба за закуп на воздухоплов без екипаж (*dry lease agreement*)“ значи договор склучен со претпријатие, согласно кој закупувачот е одговорен за летањето со едрилица.

Член 3

Операции на летање

[4]() Регулатива (ЕЗ) бр. 1178/2011 на Комисијата од 3 ноември 2011 година, за утврдување на техничките услови и административни постапки кои се однесуваат на екипаж цивилното воздухопловство согласно Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот (Сл. весник L бр. 311, 25.11.2011 година, стр. 1).

1. Операторите на едрилици летаат со едрилиците согласно условите наведени во Анекс II.

Првиот потстав не се применува на проектантските организации или организациите за

производство кои се придржуваат кон членовите 8, односно 9, од Регулатива (ЕУ) бр. 748/2012 ([5]) на Комисијата и кои управуваат со едрилица, во рамките на нивните права, а за потребите на воведување или измена на типови на едрилица.

2. Согласно член 30(1) точка (а) од Регулатива (ЕУ) бр. 2018/1139 операторите на едрилици се вклучуваат во комерцијални операции само откако на надлежниот орган му дале изјава за нивниот капацитет и средства за исполнување на одговорностите кои се поврзани со операциите на едрилици.

Првиот потстав не се применува на следните операции со едрилици:

(а) операциите на лица кои ги делат трошоците, под услов дека директните трошоци за летот на едрилицата и пропорционалниот дел од годишните трошоци настанати за складирање, осигурување и одржување на едрилицата ги споделуваат лицата кои се во едрилицата;

(б) летовите за натпреварување или воздухопловни приредби, под услов дека надоместокот или другиот паричен надоместок е ограничен на повратот на директните трошоци за летот на едрилицата и на пропорционалниот дел од годишните трошоци настанати за складирање, осигурување и одржување на едрилицата и дека добиените награди не ја надминуваат вредноста која ја утврдил надлежниот орган;

[5]() Регулатива (ЕУ) бр. 748/2012 на Комисијата од 3 август 2012 година, за утврдување на правила за спроведување за издавање на уверенија за пловидбеност и заштита на животната средина на воздухопловите и со нив поврзаните производи, делови и уреди, како и за издавање на уверенија на организации за проектирање и производство (Сл. весник L бр. 224, 21.8.2012 година, стр. 1).

(в) воведните летови, летовите за потребите за скокање со падобранци, влечењето на едрилици или акробатските летови, кои ги врши организација за обука со главно деловно седиште во земја–членка, наведена во член 10а од Регулатива (ЕУ) бр. 1178/2011, или организација која е основана за потребите за промовирање на спортот со летање или рекреативното летање, под услов дека организацијата управува со едрилицата врз основа или на сопственост или спогодба за закуп на воздухоплов без екипаж, дека летот не генерира добивка која се дели надвор од организацијата и дека ваквите летови се само маргинална активност на организацијата;

(г) летовите за обука, кои ги врши организација за обука со главно деловно седиште во земја–членка, наведена во член 10а од Регулатива (ЕУ) бр. 1178/2011.

Член 4

Влегување во сила и примена

Оваа Регулатива влегува во сила на дваесеттиот ден од денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија*.

Таа се применува од 9 јули 2019 година.

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји–членки.

Брисел, 14 декември 2018 год.

за Комисијата

Претседателот

Жан-Клод ЈУНКЕР

_____

АНЕКС I

ДЕФИНИЦИИ

[ДЕЛ–ДЕФ (PART_DEF)]

За потребите на Анекс II, се применуваат следните дефиниции:

1. „прифатливи начини за придржување (AMC) *(acceptable means of compliance (AMC)*)“ се необврзувачки стандарди кои Агенцијата ги усвоила, со цел да се објаснат начините со кои се постигнува придржување кон Регулатива (ЕУ) бр. 2018/1139 и нејзините делегирани акти и актите за спроведување;

2. „алтернативни начини за придржување (*alternative means of compliance*)“ се оние начини со кои се предлага алтернатива на постоечки AMC или оние со кои се предлагаат нови начини за воспоставување на придржување кон Регулатива (ЕУ) бр. 2018/1139 и нејзините делегирани акти и актите за спроведување за кои Агенцијата не донела прифатливи поврзани AMC;

3. „водач на воздухоплов (PIC) (*pilot – in – command (PIC*))“ значи пилотот кој е определен за заповедник и е одговорен за безбедно одвивање на летот;

4. „прирачник за летање на воздухопловот (AFM) (*aircraft flight manual* (AFM)) значи документот во кој се наведени важечките и одобрени оперативни ограничувања и информации за едрилицата;

5. „психоактивни супстанции (*psychoactive substance*)“ се алкохол, опојни средства, хашиш, седативи и средства за успивање, кокаин, други психостимуланси, халуциногени и испарливи раствори, со исклучок на кофеин и тутун;

6. „критични фази на летот (*critical phases of flight*)“ значи залетот за полетување, патеката на летот за полетување, завршниот приод, неуспешниот приод, слетувањето, вклучително возењето при слетување, и сите други фази на летот за кои што водачот на воздухопловот ќе утврди дека се критични за безбедно управување со едрилицата;

7. „оперативна површина (*operating site*)“ значи површина, освен аеродромот, која водачот на воздухопловот или операторот ја избрале за слетување или полетување;

8. „член на екипаж (*crew member*)“ значи лице кое операторот го определува да врши должности во едрилицата, кога самиот не е водач на воздухоплов, а под надлежност на водачот на воздухопловот;

9. „електронска торба за летање (EFB) (*electronic flight bag (EFB*))“ значи електронски информациски систем, кој се состои од опрема и апликации за екипажот на летање, со кој се овозможува складирање, ажурирање, прикажување и обработка на функциите на EFB за давање поддршка на летачките операции или летачките должности;

10. „опасни материи (*dangerous goods*)“ значи предмети или супстанции кои можат да претставуваат ризик по здравјето, безбедноста, имотот или животната средина, а кои се наоѓаат во списокот на опасни материи во техничките упатства, или кои се класифицирани согласно тие упатства;

11. „технички упатства (*technical instructions*)“ значи последното важечко издание на „Технички упатства за сигурен превоз на опасни материи по воздушен пат“, вклучувајќи го секој додаток и дополнување, кое го објавува ICAO во документот 9284–AN/905;

12. „специјализирани операции со едрилица (*sailplane specialized operation*)“ значи секоја операција со едрилица, која може да биде комерцијална или некомерцијална, чија главна намена не е поврзана со вообичаените спортски и рекреативни операции, туку со падобрански операции, летови за

потребите на вести, за телевизиските оператори или за филмови, воздухопловни приредби или слични специјализирани активности;

13. „ноќе (*night*)“ значи периодот од завршување на цивилниот самрак се до почетокот на цивилното зазорување. Цивилниот самрак завршува навечер кога центарот на сонцето е 6 степени под хоризонтот, а започнува наутро кога центарот на сонцето е 6 степени под хоризонтот.

_____

АНЕКС II

ОПЕРАЦИИ НА ЛЕТАЊЕ СО ЕДРИЛИЦИ

[ДЕЛ–SAO (PART–SAO)]

ПОДДЕЛ GEN (ГЕН)

ОПШТИ УСЛОВИ

SAO.GEN.100 Опсег

Согласно член 3, во овој Поддел се утврдуваат условите кои треба да ги исполни секој оператор на едрилици, освен проектантските организации и организациите за производство наведени во вториот потстав од член 3(1).

SAO.GEN.105 Надлежен орган

Надлежниот орган е органот кого го определила земјата–членка во која се наоѓа главното деловно седиште на операторот или, ако операторот нема главно деловно седиште, местото во кое операторот е основан или во кое престојува. Тоа надлежно тело подлежи на условите наведени во член 3 од Регулатива (ЕУ) бр. 965/2012 согласно член 1(7) од оваа регулатива.

SAO.GEN.110 Докажување на придржување

(а) Оператор, ако тоа го бара надлежниот орган кој го верификува постојаното придржување на операторот согласно наведеното во точка ARO.GEN.300(a)(2) од Анекс II кон Регулатива (ЕУ) бр. 965/2012, го докажува придржувањето кон битните услови утврдени во Анекс V кон Регулатива (ЕУ) бр. 2018/1139 и кон условите од оваа регулатива.

(б) За да го докаже ова придржување, операторот може да упати на следното:

(1) прифатливите начини за придржување (AMC);

(2) алтернативните начини за придржување (AltMoC).

SAO.GEN.115 Воведни летови

Воведните летови:

(а) дење се вршат согласно правилата за летање по надворешна видливост / визуелно летање (VFR);

(б) што се однесува на нивната безбедност, истата ја надгледува лице кое го наименува организацијата која е одговорна за воведни летови.

SAO.GEN.120 Моментална реакција на проблем поврзан со безбедноста

Операторот спроведува:

(а) безбедносни мерки кои ги наметнува надлежниот орган согласно точка (в) од ставот ARO.GEN.135 од Анекс II кон Регулатива (ЕУ) бр. 965/2012; и

(б) директиви за пловидбеност и други задолжителни информации кои ги издава Агенцијата согласно член 77(1) точка (ж) од Регулатива (ЕУ) бр. 2018/1139.

SAO.GEN.125 Определување на водач на воздухоплов

Операторот определува водач на воздухоплов, кој е квалификуван да дејствува во својство на водач на воздухоплов согласно Анекс I кон Регулатива (ЕУ) бр. 1178/2011.

SAO.GEN.130 Одговорности на водачот на воздухоплов

Водачот на воздухоплов:

(а) е одговорен за безбедноста на едрилицата и за сите лица кои се во едрилицата за време на операциите на едрилицата;

(б) е одговорен за започнувањето, продолжувањето или завршувањето на летот во интерес на безбедноста;

(в) обезбедува придржување кон сите важечки оперативни процедури и проверки;

(г) започнува лет само ако е сигурен во придржувањето кон сите оперативни услови, како што следи:

(1) дека едрилицата е пловидбена;

(2) дека едрилицата е уредно регистрирана;

(3) дека инструментите и опремата кои се потребни за извршување на летот се во едрилицата и се оперативни;

(4) дека тежината на едрилицата и положбата на тежиштето се такви што летот може да се спроведе во границите на ограничувањата кои се дефинирани во прирачникот за летање на воздухопловот (AFM);

(5) дека целата опрема и багаж се правилно натоварени и обезбедени и дека е можна евакуација во случај на опасност;

(6) дека оперативните ограничувања на едрилицата, како што е утврдено во (AFM), нема да се надминат за време на летот.

(д) обезбедува дека прегледот пред лет се врши како што е наведено во (AFM);

(ѓ) не смее да извршува должности во едрилицата во една од следните ситуации:

(1) кога од каква и да било причина е неспособен да ги врши должностите, вклучувајќи повреда, болест, лекови, замор или влијание од некоја психоактивна супстанција, или ако од која било друга причина се чувствува неспособен;

(2) ако не се исполнети важечките услови за здравствена способност;

(е) одбива да превезе или симне кое било лице или багаж, што може да претставува можна опасност по безбедноста на едрилицата или по кое било лице кое се превезува со неа;

(ж) не смее да дозволи со едрилица да се превезува лице, кое изгледа дека е под дејство на психоактивни супстанции до толкава мера што најверојатно би била загрозена безбедноста на едрилицата и лицата во неа;

(з) обезбедува дека во текот на критичните фази од летот, или секогаш кога смета дека е неопходно во интерес на безбедноста, сите лица во едрилицата се на своите седишта со прицврстени сигурносни појаси;

(ѕ) за време на летот:

(1) е со прицврстен сигурносен појас;

(2) цело време е зад командите на едрилицата, освен ако друг пилот не ги преземе командите;

(и) во опасна ситуација која бара итно носење на одлука и дејствување, ги презема сите активности за кои смета дека се неопходни во тие околности. Во таков случај, тој може, до мера која е потребна во интерес на безбедноста, да отстапи од правилата, оперативните процедури и методи;

(ј) не го продолжува летот подалеку од најблиското место или аеродром, на кои е можно да се слета во дадени метеоролошки услови, кога неговата способност да ги извршува своите должности е значително намалена заради болест, замор или недостаток на кислород или од кои било други причини;

(к) на крајот од летот, или серијата летови, ги запишува во техничката книга на воздухопловот или во дневникот на патување податоците за користењето,

како и сите дефекти на едрилицата кои му се познати или на кои се сомнева;

(л) веднаш го известува надлежниот орган за истрага на безбедност на земјата на чија територија се случил настанот, како и службите за итна помош на таа земја, преку најбрзо можно средство, за која било несреќа или сериозен инцидент поврзани со едрилицата;

(лљ) за незаконско попречување веднаш го известува локалниот надлежен орган кого го определила земјата на чија територија се случило незаконското попречување; и

(м) веднаш до соодветната единица за давање на услуги во воздушниот сообраќај (ATS) ги пријавува сите настанати опасни временски услови или услови за летање, кои најверојатно би влијаеле врз безбедноста на други воздухоплови.

SAO.GEN.135 Одговорности на членовите на екипажот

(а) Секој член на екипаж одговара за правилното извршување на своите должности во врска со операцијата на едрилицата.

(б) Ниеден член на екипаж не смее да извршува должности на едрилица, кога од која било причина е неспособен за тоа, меѓу другото и заради повреда, болест, лекови, замор или влијание од некоја психоактивна супстанција, или ако од која било друга причина се чувствува неспособен.

(в) Секој член на екипаж му ги пријавува на водачот на воздухопловот ѝ двете:

(1) сите грешки, откажувања, неисправности или дефекти, за кои верува дека можат да влијаат врз пловидбеноста или безбедното летање на едрилицата, вклучувајќи ги и системите за опасни ситуации;

(2) сите инциденти.

SAO.GEN.140 Придржување кон законите, прописите и процедурите

(а) Водачот на воздухопловот и секој друг член на екипажот се придржуваат кон законите, прописите и процедурите на земјите во кои се вршат операциите.

(б) Водачот на воздухопловот е запознаен со законите, прописите и процедурите кои се однесуваат на извршувањето на неговите должности, кои се пропишани за областите кои треба да се поминат, аеродромите или оперативните места кои треба да се користат и поврзаните со нив уреди за воздухопловна навигација.

SAO.GEN.145 Преносливи електронски уреди

Водачот на воздухопловот не смее на ниедно лице да му дозволи да користи преносливи електронски уреди (PED) во едрилицата, вклучувајќи ја и електронската торба за лет, кои негативно влијаат врз карактеристиките на системите и опремата на едрилицата или на способноста за работа на истите.

SAO.GEN.150 Опасни материи

(а) Водачот на воздухопловот не смее да му дозволи на ниедно лице да превезува опасни материи во едрилицата.

(б) Разумни количини на предмети и супстанции кои би се класифицирале како опасни материи, а чија намена е да се олесни безбедноста на летот, кога се превезуваат со едрилицата се препорачува да се обезбеди нивна лесна достапност заради оперативни потреби, се сметаат дека се одобрени.

SAO.GEN.155 Документи, прирачници и информации кои треба да се носат во едрилицата

(а) На секој лет се носат оригинали и примероци од сите следни документи:

(1) AFM, или соодветен(соодветни) документ(и);

(2) деталите за планот на летот кој е доставен до ATS, ако тоа се бара согласно Оддел 4 од Анексот кон Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 923/2012 на Комисијата ([6]);

(3) тековните и соодветните воздухопловни карти за областа на планираниот лет;

(4) која било друга документација, која може да се однесува на летот или која ја бараат земјите преку кои се врши летот;

(5) информациите за процедурите и визуелните сигнали кои ги користат воздухопловите кои пресретнуваат и воздухопловите кои се пресретнуваат.

[6]() Регулатива за спроведување (ЕУ) бр. 965/2012 на Комисијата од 26 септември 2012 година, за утврдување на заеднички правила за услугите и процедурите на воздухопловната навигација и за изменување и дополнување на Регулатива (ЕУ) бр. 1035/2011 и Регулативите (ЕЗ) бр. 1265/2007, (ЕЗ) бр. 1794/2006, (ЕЗ) бр. 730/2006, (ЕЗ) бр. 1033/2006 и (ЕУ) бр. 255/2010 (Сл. весник L 281, 13.10.2012 година, стр. 1).

(б) Покрај ова, ако се бара изјава согласно точка SAO.DEC.100, на секој лет се носи и примерок од изјавата.

(в) Ако не се носат во едрилицата, сите следни документи, прирачници и информации, во оригинал или копии, стојат на располагање на аеродромот или оперативното место:

(1) уверението за регистрација;

(2) уверението за пловидбеност, вклучувајќи ги и прилозите;

(3) уверението за проверка на пловидбеноста;

(4) уверението за бучава, ако е издадено уверение за бучава за моторна едрилица;

(5) дозвола за радио станица, кога едрилицата е опремена со опрема за радиокомуникација согласно точка SAO.IDE.130;

(6) уверение(уверенија) за осигурување од одговорност за трети лица;

(7) дневникот на летот или соодветен документ.

(г) По пат на отстапување од наведеното во точките (а) и (б), документите, прирачниците и информациите кои се утврдени во истите, може да се чуваат на аеродромот или оперативното место, за летовите:

(1) за кои се планира да останат во рамките на видокругот на аеродромот или оперативното место; или

(2) кои остануваат во рамките на растојанието или областа кои ги утврдил надлежниот орган.

(д) Ако надлежниот орган тоа го бара, водачот на воздухопловот или операторот му ја стават на располагање на тој надлежен орган оригиналната документација во период кој надлежниот орган го навел, а кој не е покус од 24 часа.

SAO.GEN.160 Дневник на патувањето

За секој лет или серија на летови, во вид на дневник на патувањето или еквивалентен документ се впишуваат податоци за едрилицата, нејзиниот екипаж и секое патување.

ПОДДЕЛ ОР (ОП)

ОПЕРАТИВНИ ПРОЦЕДУРИ

SAO.OP.100 Користење на аеродроми и оперативни места

Водачот на воздухопловот ги користи само аеродромите и оперативните места кои се соодветни за односниот тип на едрилица и операција.

SAO.OP.105 Процедури за намалување на бучава – моторни едрилици

Водачот на воздухопловот ги зема предвид оперативните процедури за сведување на минимум на влијанието од бучавата на моторните едрилици, истовремено обезбедувајќи дека безбедноста има предност во однос на намалувањето на бучава.

SAO.OP.110 Давање упатства на патниците

Водачот на воздухопловот обезбедува дека пред летот и доколку е соодветно, за време на летот, патниците добиваат упатства во врска со вообичаените, невообичаените и процедурите за опасни ситуации.

SAO.OP.115 Превоз на посебни категории на патници

Водачот на воздухопловот обезбедува дека лицата кои при превоз со едрилица имаат потреба од посебни услови, помош или уреди, се превезуваат под услови со кои се обезбедува безбедноста на едрилицата и на сите лица или имот кои се превезуваат со неа.

SAO.OP.120 Подготовка за лет

Водачот на воздухопловот, пред отпочнување со лет, го обезбедува сето од следното:

(а) дека опремата која е потребна за безбедна операција на едрилицата е соодветна за видот на операцијата, согласно летот кој треба да се изврши;

(б) дека метеоролошките услови ќе овозможат безбедно завршување на летот;

(в) во случај на моторна едрилица и кога се планира да се користи мотор, количината на гориво или друг извор на енергија се доволни за безбедно завршување на летот.

SAO.OP.125 Полнење со гориво и полнење на батерии кога има лица во едрилицата – моторни едрилици

Кога има патник во моторна едрилица:

(а) едрилицата не смее да се полни со гориво; и

(б) батериите кои се користат за погон не смеат да се полнат ниту заменуваат.

SAO.OP.130 Пушење во едрилица

За време на која било фаза од летот, пушењето во едрилица е забрането.

SAO.OP.135 Метеоролошки услови

Водачот на воздухопловот започнува или продолжува лет, само ако најновите метеоролошки информации кои стојат на располагање укажуваат дека е можно безбедно слетување.

SAO.OP.140 Мраз и други загадувачи – процедури на земја

Водачот на воздухопловот започнува со полетување само ако едрилицата е чиста од какви и да било наслаги, кои можат неповолно да влијаат врз карактеристиките или управувањето со едрилицата, освен кога е тоа дозволено со AFM.

SAO.OP.145 Управување со гориво или со друг извор на енергија во тек на лет – моторни едрилици

За моторните едрилици, водачот на воздухопловот, за време на летот, редовно проверува дека расположливата количина на гориво или другиот извор на енергија што се користи, не е помала од онаа која е потребна за безбедно слетување.

SAO.OP.150 Користење на дополнителен кислород

Водачот на воздухопловот обезбедува дека сите лица во едрилицата користат дополнителен кислород секогаш кога ќе утврди дека, на висината на планираниот лет, недостатокот од кислород може да доведе до намалување на нивните способности или штетно да влијае врз нив.

SAO.OP.155 Специјализирани операции со едрилица

(a) Пред да започне специјализирана операција или серија на такви операции, водачот на воздухопловот врши процена на ризици, проценувајќи ја сложеноста на активноста за да ги утврди опасностите и поврзаните со нив ризици по планираната операција и, по потреба да утврди мерки за ублажување на истите.

(б) Специјализирана операција со едрилица се врши согласно листа за проверка (чек-листа). Водачот на воздухопловот утврдува дека листата за проверка (чек-листата) е соодветна на специјализираната активност и едрилицата која се користи, што е засновано врз проценатa на ризиците, а имајќи ги предвид сите услови кои се утврдени во овој Анекс. Листата за проверка (чек-листата), на секој лет, е лесно достапна за водачот на воздухопловот и секој друг член на екипажот, кога е тоа важно за извршувањето на нивните должности.

(в) Водачот на воздухопловот редовно, по потреба, ја прегледува и ажурира листата за проверка (чек-листата) со цел на соодветен начин да ја земе предвид проценатa на ризиците.

ПОДДЕЛ POL (ПОЛ)

КАРАКТЕРИСТИКИ И ОПЕРАТИВНИ ОГРАНИЧУВАЊА

SAO.POL.100 Мерење на тежина

(а) Мерењето на едрилицата ја врши производителот на едрилицата, или тоа се прави согласно Анекс I кон Регулатива (ЕУ) бр. 1321/2014 ([7]).

(б) Операторот обезбедува дека масата на едрилицата е утврдена со вистинско мерење пред првичното пуштање во употреба. Акумулираните

[7]() Регулатива (ЕУ) бр. 1321/2014 на Комисијата, од 26 ноември 2014 година, за континуирана пловидбеност на воздухоплов и воздухопловни производи, делови и уреди и за одобрение на организации и персонал кои се вклучени во тие задачи (Сл. весник L 362, 17.12.2014 година, стр. 1).

влијанија од измените и поправките врз масата се земаат предвид и соодветно се документираат. Овие информации му стојат на располагање на водачот на воздухопловот. Едрилицата повторно се мери, ако влијанијата од измените и поправките не се познати.

SAO.POL.105 Карактеристики – општо

Водачот на воздухопловот управува со едрилицата само ако карактеристиките на едрилицата се во склад со условите утврдени во Анексот кон Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 923/2012, и со сите други ограничувања кои се важечки за летот, воздушниот простор, аеродромите или оперативните места кои се користат, обезбедувајќи дека сите карти и мапи кои се користат се од најнови достапни изданија.

ПОДДЕЛ IDE (ИДЕ)

ИНСТРУМЕНТИ, ПОДАТОЦИ И ОПРЕМА

SAO.IDE.100 Инструменти и опрема – општо

(a) Инструментите и опремата кои се бараат согласно овој Поддел се одобруваат согласно Анекс I кон Регулатива (ЕУ) бр. 748/2012 или, ако се регистрирани во трета земја, согласно условите за пловидбеност на земјата на регистрација, ако е исполнет еден од следните услови:

(1) нив ги користи екипажот на летање заради управување на патеката не летот;

(2) тие се користат заради придржување кон точките SAO.IDE.130 или SAO.IDE.135;

(3) тие се трајно поставени во едрилицата.

(б) По пат на отстапување од наведеното во точка (а), за сите следни инструменти или опрема, ако тоа се бара согласно овој Поддел, одобрение не е потребно:

(1) рачни преносливи светла;

(2) точен мерач на време;

(3) опрема за преживување и сигнализирање.

(в) Инструментите и опремата се подготвени за користење или се достапни од местото на кое седи или водачот на воздухопловот или кој било друг член на екипажот, кој треба да ги користи.

SAO.IDE.105 Инструменти за летање и навигација

(а) Едрилиците се опремени со средства за мерење и прикажување на сè од следното:

(1) времето во часови и минути;

(2) висината според воздушниот притисок;

(3) индицираната брзина;

(4) во случај на моторни едрилици, магнетниот курс.

(б) Покрај наведеното во (а), кога се управува во услови во кои не е можно едрилицата да се задржи на планираната патека на летот без еден или повеќе дополнителни инструменти, кога се лета во облаци или ноќе, едрилиците се опремени со средства за мерење и прикажување на сè од следното:

(1) вертикалната брзина;

(2) положбата или свртувањето или лизгањето;

(3) магнетниот курс.

SAO.IDE.110 Оперативни светла

Едрилиците кои летаат ноќе се опремени со сè од следното:

(а) систем со светла за избегнување на судир;

(б) светла за навигација/позициони светла;

(в) светла за слетување;

(г) осветлување кое се напојува од електричниот систем на едрилицата, за да се обезбеди соодветно осветлување на сите инструменти и опрема кои се битни за безбедно летање на едрилицата;

(д) независно преносливо светло за местото на водачот на воздухопловот и сите места на членовите на екипажот.

SAO.IDE.115 Дополнителен кислород

Едрилиците за летовите на кои се бара да се обезбеди кислород согласно точка SAO.OP.150, се опремени со уред за складирање и распределба на кислород, во кој е можно да се складира и од него да се распределува потребната залиха на кислород.

SAO.IDE.120 Опрема за спасување и сигнализирање – летови преку вода

Водачот на едрилицата кој лета над вода ги утврдува, пред отпочнување со летот, ризиците за преживување на сите лица кои се превезуваат со едрилицата во случај на присилно слетување на вода. Што се однесува на тие ризици, тој утврдува дали е потребно да се носи опрема за спасување и сигнализирање.

SAO.IDE.125 Опрема за спасување и сигнализирање – потешкотии со потрагата и спасувањето

Едрилиците кои летаат над области во кои би било особено тешко да се врши потрага и спасување (SAR), се опремени со таква опрема за спасување и сигнализирање која е соодветна за областа која се прелетува.

SAO.IDE.130 Опрема за радиокомуникација

Едрилиците имаат опрема за радиокомуникација со која се овозможува комуникација што се бара согласно Додаток 2 од Анексот кон Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 923/2012, и, ако летот се врши во воздушниот простор на трета земја, согласно законите на таа трета земја.

SAO.IDE.135 Транспондер

Едрилиците се опремени со транспондер за секундарен надзорен радар (SSR) со сите можности кои се бараат согласно точка (б) од точка SERA.6005 од Анексот кон Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 923/2012, и, ако летот се врши во воздушниот простор на трета земја, согласно законите на таа трета земја.

ПОДДЕЛ DEC (ДЕЦ)

ИЗЈАВА

SAO.DEC.100 Изјава

(а) Во изјавата наведена во член 3(2), операторот потврдува дека се придржува и ќе продолжи да се придржува кон битните услови утврдени во Анекс V кон Регулатива (ЕУ) 2018/1139 и кон условите од оваа регулатива.

(б) Операторот во декларацијата го опфаќа сè од следното:

(1) името на операторот;

(2) местото во кое се наоѓа главното деловно седиште на операторот;

(3) податоците за контакт на операторот;

(4) датумот на почеток на операцијата и, по потреба, датумот накој влегува во сила измената на постојната изјава;

(5) што се однесува на сите едрилици кои се користат за комерцијални операции, типот на едрилицата, регистрацијата, главната база, видот на операциите и организацијата на управување со континуираната пловидбеност.

(в) Операторот, кога ја дава изјавата, го известува надлежниот орган за списокот на AltMoC за да го докаже придржувањето, ако тоа се бара согласно SAO.GEN.110. Во списокот се наведуваат поврзаните AMC.

(г) Операторот, кога ја дава изјавата, го користи образецот од Додатокот кон овој Анекс.

SAO.DEC.105 Измени на изјавата и престанок на комерцијалните операции

(а) Операторот веднаш го известува надлежниот орган за кои било измени на околностите која влијае врз неговото придржување кон битните услови

наведени во Анекс V кон Регулатива (ЕУ) 2018/1139 и кон условите на оваа регулатива, што се однесува на она дадено во изјава до надлежниот орган, како и за кои било измени во поглед на информациите наведени во точка SAO.DEC.100(б) и списокот на AltMoC наведен во точка SAO.DEC.100(в), кои се вклучени во изјавата или се приложени кон истата.

(б) Операторот веднаш го известува надлежниот орган дека тој повеќе не е ангажиран во комерцијални операции со едрилици.

_____

Додаток

ИЗЈАВА
согласно Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 2018/1976 на Комисијата

Оператор

Име:

Место во кое се наоѓа главното деловно седиште на операторот:

Податоци за контакт:

Операција со едрилица

Датумот на почеток на операцијата и, по потреба, датумот на кој влегува во сила измената на постојната комерцијална операција:

Информации за едрилицата (едрилиците) која (кои) се користи (користат) и за управување со континуираната пловидбеност ([8]):

Тип на едрилица	**Регистрација на едрилицата**	**Главна база**	**Вид на операција** ([9])	**Организација на управувањето со континуираната пловидбеност** ([10])

Ако е потребно, и списокот со AltMoC со упатување на поврзаните AMC (додаток кон изјавата):

Изјави

☐ Операторот се придржува, и ќе продолжи да се придржува, кон битните услови утврдени во Анекс V кон Регулатива (ЕУ) 2018/1139 и кон условите на Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 2018/1976

Поконкретно, операторот ги врши своите комерцијални операции согласно следните услови од Анекс II кон Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 2018/1976

[8]() Пополнете ја табелата, ако немате доволно место да ги наведете информациите, истите наведете ги во посебен додаток. На додатокот се става датум и истиот се потпишува.

[9]() 'Вид (видови) на операција (операции)' се однесува на видот на комерцијалната операција која се врши со едрилицата.

[10]() Информациите за организацијата која е одговорна за управувањето со континуираната пловидбеност го опфаќаат името на организацијата, адресата и упатување на одобрението.

⬜ Сите едрилици со кои се лета имаат уверение за пловидбеност ([11]), издадено согласно Регулатива (ЕУ) бр. 748/2012.
⬜ Сите пилоти имаат дозвола и овластувања кои се издаваат или прифаќаат согласно Анекс I кон Регулатива (ЕУ) бр. 748/2012, како што се бара согласно точка SAO.GEN.125 од Анекс II.
⬜ Операторот ќе го извести надлежниот орган за сите измени на околностите кои влијаат врз неговото придржување кон битните услови наведени во Анекс V кон Регулатива (ЕУ) 2018/1139 и кон условите од Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 2018/1976, како што е дадено во изјавата до надлежниот орган преку оваа изјава, како и за кои било измени во поглед на информациите и списокот на AltMoC, кои се вклучени во изјавата или се приложени кон истата, како што се бара согласно точка SAO.DEC.100(в) од Анекс II.
⬜ Операторот потврдува дека сите информации кои се опфатени во оваа изјава, вклучувајќи и во нејзините додатоци, се целосни и точни.
Датум, име и потпис

[11]() Уверението за пловидбеност е вообичаено уверение за пловидбеност, ограничено уверение за пловидбеност или дозвола за летање издадени согласно условите од Анекс II кон Регулатива (ЕУ) бр. 748/2012.

ПРИЛОГ 2

Летачки операции со Анекс 1 едрилици од ЕУ Регулативата 2018/1139

1. Дефиниции

Член 1

Одделни изрази употребени во овој прилог го имаат следното значање:

1) **Едрилица** *(glider, sailplane)* е воздухоплов без движечка сила на мотор, потежок од воздухот чие одржување во воздух се постигнува главно со аеродинамички реакции на површини кои остануваат неподвижни во определени услови на летање;

2) **Моторна едрилица** *(touring motor glider (TMG))* е едрилица со вграден мотор и елиса кои не можат да се вовлечат. Моторна едрилица треба да биде способна за полетување и искачување со сопствен погон и во согласност со прирачникот за летање;

3) **Едрилица со помошен мотор** *(powered sailplane)* е воздухоплов опремен со еден или повеќе помошни мотори кој во лет, кога моторот не работи, има карактеристики на едрилица.

Член 2

(1) Во зависност од тоа дали поседуваат мотор или не едрилиците се делат на:

1) едрилици без мотор;

2) едрилици со помошен мотор и

3) моторни едрилици.

(2) Во зависност од употребата, едрилиците се делат на:

1) школски;

2) тренажни;

3) високоспособни и

4) специјални.

(3) Во зависност од намената, едрилиците се делат на:

1) копнени едрилици и

2) хидроедрилици.

(4) Едрилиците можат да бидат:

1) со едно седиште;

2) со две седишта и

3) со повеќе седишта.

2. Заеднички одредби за начинот и правилата на летање со сите видови на едрилици

Член 3

Комерцијални летачките операции со Анекс I едрилици не можат да се извршуваат.

Член 4

(1) Со едрилица се лета дење по правила на визуелно летање во време од пола саат пред изгревот на сонцето до пола саат после заоѓање на сонцето.

(2) По исклучок од став (1) на овој член, пилотот може да лета и ноќе доколку:

1. едрилицата е опремена со светла за летање ноќе;

2. пилотот има искуство од најмалку 100 часа самостоен налет, е запознат со местото од каде треба да полетува и слетува ноќе, и има најмалку 20 полетувања и слетувања дење од истото место;

3. постојат визуелни метеоролошки услови (VMC) и ветерот е послаб од 5 м/сек. во текот на целиот лет;

4. теренот за полетување и слетување е јасно осветлен, може да се забележи на оддалеченост од 3000 метри и на местото за полетување и слетување има лица за помош на земја со возила на располагање и

5. пилотот има двострана радиоврска или со контролата на летање или со раководителот на летањето.

Член 5

(1) Не може да се лета на едрилици, без оглед на потребата за која се врши летањето за време на бура, олуја, меќава, вејавица или магла.

(2) Не може да се слетува со едрилица на терен доколку има магла.

(3) Во случај кога едрилицата не може да долета до терен кој не е под магла, пилотот на едрилицата треба да ја напушти едрилицата и да се спушти на земја со помош на падобран.

Член 6

(1) Не може да се полетува со едрилица доколку во просторот за 45 степени лево и десно од правецот на полетување на едрилицата се наоѓа друг авион, едрилица, луѓе или други технички средства или возила, кои би претставувале препрека или опасност за полетувањето.

(2) Не може да се полетува со едрилица при брзини на ветер поголеми од брзините предвидени со упатството за користење на едрилицата издадено од производителот.

Член 7

Не може да се лета со едрилица под дејство на алкохол, дрога и други психотропни супстанции.

Член 8

(1) Не може да се лета со едрилица во облак при термички едрења ако има повеќе од една едрилица.

(2) Не може да се влегува во облак со едрилица која не е опремена за летање во услови без надворешна видливост.

(3) При воздушно едрење "на падина" не може да се влегува во облак или да се едри во услови без надворешна видливост.

(4) Горната граница на качување на едрилицата е 50 метри под базата на облакот.

Член 9

Не може да се лета со едрилица на надморска висина над 3.600 метри доколку пилотот на едрилица не е снабден со уред за инхалација - вдишување на кислород. Овие уреди се употребуваат над висина од 3.600 метри.

Член 10

При секое летање со едрилица, пилотот треба да има соодветен падобран за спасување. Падобранот за спасување се пакува најмалку еднаш во годината или почесто ако е предвидено од страна на производителот. Пакувањето и препакувањето на падобранот го врши производителот на падобранот или лице овластено за пакување и препакување на падобранот за спасување. Пакувањето се потврдува со впишување на датумот во книшката на падобранот и потпис на лицето кое го пакувал.

Член 11

(1) На секој аеродром или леталиште кој се користи за летање на едрилици треба да има упатство за негово користење за летање со едрилици, пропишано од операторот на аеродромот или леталиштето.

(2) Упатството од став (1) на овој член треба да содржи информации за:

1. поставување старт на витло односно старт на аерозапреги према сите правци на ветерот;

2. движење на луѓето и техничките средства, како и на возилата при секое поставување на стартот посебно;

3. зоните за летање со едрилици во текот на обука и школски круг за полетување и слетување;

4. зоните на работа на воздушното едрење, едрењето без надворешна видливост и акробациите;

5. местото за сместување на едрилици на платформа односно паркинг;

6. забранетите зони за летање со едрилици и

7. други потребни информации кои се во интерес на безбедното летање со едрилици.

Член 12

Ако пилотот оцени дека не може да слета безбедно, треба да ја напушти едрилицата и да го отвори падобранот за спасување.

Член 13

На местото за полетување и слетување како и планираното место за слетување со едрилици за време на прелети, треба да има показател на правецот на ветерот.

Член 14

(1) На платформа, стојалиште или паркинг позиција односно на земја едрилицата треба да биде поставена и прицврстена (укотвено или ленгерисано) така да не може да биде дувната од ветер и да не пречи на работата на другите воздухоплови.

(2) Доколку едрилицата не се користи подолго време треба да биде соодветно сместена, да не биде изложена под штетни влијанија на сонце, влага, испарување на хемиски средства, механички удари и друго, на начин утврден со упатството за употреба и користење на едрилицата.

Член 15

(1) Пред почетокот со манипулирање/ракување со едрилица на земја во смисла на туркање, растоварување, товарање, склопување, расклопување, проби и прегледи на земја, квалификуваното лице (пилот или воздухопловен техничар) треба да одржи брифинг на лицата кои му помагаат, упатувајќи ги како треба да работат и помагаат.

(2) Доколку едрилицата се транспортира со возило или друго превозно средство, истата треба да биде сместена и прицврстена така да не се оштетува за време на транспортот, товарањето и растоварувањето.

Член 16

(1) Пред секое летање со едрилица, пилотот ја проверува техничката исправност на едрилицата и опремата преку предполетен преглед.

(2) Во случај кога едрилицата се употребува од страна на пилот-ученик, техничката исправност на едрилицата и опремата од ставот (1) на овој член ги проверува инструкторот.

Член 17

Во книгата за одржување на едрилици (Log Book) се запишуваат: податоците за едрилицата, името на пилотот, датумот на летање, начинот на полетување (аеро запрега или витло), целта на летот, бројот на летови, часовите на летање, местото на полетување и слетување, прелетаните километри, забелешките од страна на пилотот за исправноста на едрилицата, наодите од техничките прегледи и проверките во лет, поправки и модификации и други забелешки во текот на експлоатацијата на едрилицата.

Член 18

(1) Летање со цел испробување на едрилица во воздух, може да изврши инструктор по едриличарство на едрилици изработени во серија или по извршени поправки и модификации и редовни или периодични технички прегледи.

(2) Летање со цел испитување на прототипови на едрилици може да врши пилот со посебно овластување за таа намена.

Член 19

(1) Секое летање со едрилица пилотот го внесува во пилотска книшка (Pilot Logbook).

(2) Пилотската книшка (Pilot Logbook) од став (1) на овој член треба да содржи: лични податоци на пилотот, податоци за дозволите и овластувањата кои ги поседува, податоци за летање пред издавањето на новата пилотска книшка, упатство за водење на книшката за летање и дневен приказ на летање кој опфаќа: датум на летање, начин на полетување (аеро запрега или витло), должност на пилотот во текот на летањето, цел на летот, место на полетување и слетување, тип и ознака на едрилица, број на летови, часови на летање (дење, ноќе, по инструменти и вкупно), прелетани километри и забелешки и истата треба да биде заверена од Агенцијата пред да се отпочне со нејзино користење.

Член 20

Пред летање, пилотот треба да биде запознат со експлоатацијата на едрилицата и принудните постапки, упатството за летање на аеродромот, сигнализациите и користењето на аеродромите и со прописите од областа на воздухопловството.

Член 21

(1) Пред полетување пилотот треба да изврши подготовка на летот и тоа да:

1. ги провери исправите, книгите и други потребни документи за спроведување на летот;

2. прибави податоци и да ја утврди задачата на летот;

3. изврши потребна навигациска подготовка во зависност од планираниот лет;

4. ја провери полетно-слетната патека и маневарските површини;

5. ги провери податоците за местото за слетување доколку слетува на друго место;

6. ја провери метеоролошката состојба и прогнозата долж рутата;

7. ја провери исправноста на воздухопловот и опремата;

8. ја провери количината на горивото, масата и балансот;

9. ги разработи постапките за во случај на нередовни и вонредни ситуации (а по потреба и редовните постапки);

10. ги предвиди и провери алтернациите при полетување, долж рутата и кај дестинацијата;

11. одржи брифинг со лицата што пружаат помош, вршат асистенција при полетувањето или на друг начин го опслужуваат леталото;

12. го подготви патникот (брифинг на патникот) за сместувањето во едрилицата, однесувањето во едрилицата и постапки кои патникот треба да ги направи во случај на вонредна ситуација;

13. провери дали лицата и товарот се безбедно сместени;

14. координира со службата за контрола на летањето во зависност од просторот кој го користи за летање и

15. го провери теренот за полетување односно слетување доколку полетува односно слетува надвор од аеродромот.

(2) За време на обука за стекнување на дозвола и/или овластување на пилот на едрилица, за подготовката на летот е одговорен инструкторот.

(3) Пилот на едрилица не треба да отпочне со извршување на летот доколку не се осигура дека подготовките се исполнети.

Член 22

(1) Полетување со едрилица се врши во правец спротивен од правецот на ветерот.

(2) Полетувањето може да се врши со помош на витло, авион (аерозапрега) или со сопствен погон (моторни едрилици).

(3) Слетување со едрилица се врши во правец спротивен на правецот на ветерот, или по наредбите на раководителот на летање.

(4) Авионите кои се користат за аерозапрега треба да бидат опремени за тоа, додека влечењето на едрилицата може да го врши пилот со важечка дозвола за PPL.

(5) Влечење на едрилица со помош на витло може да врши лице кое поседува потврда дека е оспособено за влечење на едрилици со помош на витло.

Член 23

(1) Во случај кога две едрилици летаат на иста или приближно иста висина една кон друга, пилотите треба едрилиците да ги свртат десно така што меѓу нив да има растојание од најмалку 50 метри.

(2) Доколку патеките на летот на две едрилици се вкрстуваат, првенство на минување има едрилицата што доаѓа од десната страна.

Член 24

(1) Престигнување на едрилица при воздушно едрење "на падини", кога се на иста или приближно иста висина, се врши со заобиколување на страна спротивна од падината на растојание од најмалку 50 метри.

(2) При воздушно едрење "на падини" кога едрилиците летаат на иста или приближно иста висина или во пресрет, едрилиците се разминуваат на тој начин што едрилицата на која падината и се наоѓа од лева страна, свртува надесно на растојание од најмалку 50 метри.

Член 25

(1) Доколку две или повеќе едрилици летаат во ист термички столб на иста висина, првенство има едрилицата што прво започнала да кружи. Едрилиците кои се вклучуваат во истиот термички столб треба да вртат во истата насока како другите летала, така што меѓусебно да се видливи.

(2) Во случај кога две или повеќе едрилици летаат во ист термички столб со мала меѓусебна висинска разлика, пилотите треба да имаат меѓу себе визуелен контакт и да кружат во насока во која го отпочнала кружењето првата едрилица.

(3) Најмала дозволена висина на кружење во термички столб е 150 метри.

Член 26

(1) Кога повеќе едрилици истовремено слетуваат првенство има едрилицата што лета на помала висина, освен ако другата едрилица е во фаза на финален долет или се наоѓа во опасност.

(2) Доколку едрлиците се сретнуваат на иста висина, првенство на слетување има едрилицата со помала маневарска способност.

(3) Секое слетување на едрилица, треба да биде извршено во рамките на школски круг на летање пропишан од страна на операторот на аеродромот.

(4) Најмала висина за влегување во овој круг е 150 м/sol.

Член 27

(1) Акробации со едрилици можат да се извршуваат само со едрилици изработени и наменети за таа намена врз основа на ограничувањата од производителот на едрилицата.

(2) Акробации со едрилица не можат да се вршат на висина под 400 м/sol. освен со одобрение од Агенцијата.

(3) Акробации со едрилица не можат да се вршат на било која висина над населени места или група луѓе како и над местата каде што безбедноста на луѓето и на имотот во воздух или на земјата не е обезбедена.

3. Посебни одредби за начинот и правилата за летање со моторни едрилици

Член 28

(1) Полнење на гориво во моторна едрилица се врши со метални канистри и метална инка, процедено преку еленска кожа. Доколку точењето се врши од пумпа потребно е и заземјување.

(2) За минималната потребна количина гориво во предвид се зема потребната количина за летот, метеоролошките услови, ветерот, потребата за долет до алтернативниот терен за слетување, потребната резерва гориво и во резервоарот да остане минималното потребно гориво.

(3) Кога се лета на поголеми растојанија во еден правец и слетување на друго место, пред отпочнувањето со вршење на летот, пилотот треба да има податоци за местото од кое ќе полни гориво.

Член 29

(1) Пред стартување на моторот, леталото треба да биде обезбедено за стартување, загревање и пробата на моторот со употреба на сопирачки, асистент, подметачи или на друг сличен начин.

(2) При стартување и при работа на моторот на моторна едрилица на пилотското место секогаш треба да има пилот или механичар.

(3) За време на стартување, работа, односно загревање или проба на моторот, возење по платформа и маневарска површина, особено при тргнување, свртување и полетување, позади моторна едрилица треба да има издувна зона (бласт ареа) со доволно простор, да не се нанесе штета на други учесници во воздушниот сообраќај или трети лица, од воздушната струја (млаз) создадена од пропелерот.

(4) Пред стартување на моторот, пилотот односно лицето кое го стартува моторот треба да провери дали просторот околу пропелерот е слободен и по потреба да ги отстрани присутните на сигурна далечина.

(5) При отстранување на присутните подалеку од пропелерот пилотот односно лицето кое го стартува моторот може да се послужи со наредбата "ОДДАЛЕЧИ СЕ ОД ПРОПЕЛЕРОТ".

(6) Присутните, освен лицата за испомош на земја, треба да се оддалечат позади и на страна од моторна едрилица на најмалку десет метри, односно најмалку 30 метри доколку стојат во рамнината на вртењето на пропелерот или во оската на пропелерот.

Член 30

(1) Проба на работа на мотор се врши на начин утврден со упатствата од производителот за користење на едрилица.

(2) За време на работата на мотор на земја во едрилицата треба да биде присутен пилот или овластен механичар.

(3) При менување на екипаж или било какво седнување во седиштата на едрилицата моторот треба да биде исклучен.

Член 31

Со моторна едрилица по маневарските површини треба да се вози со брзина не поголема од 5 км/ч.

Член 32

(1) Акробатско летање може да се врши само со моторна едрилица која е наменета за таков лет, врз основа на упатството за користење на едрилицата издадено од производителот.

(2) Акробатско летање не смее да се врши над населено место, пат, железница, жичара, далековод, други објекти или група на луѓе.